


**Наслов:** Internet UNLEASHED

**Издавач:** SAMS Publishing

Се работи за првото издание на книгата Internet UNLEASHED издадена во 1994 година од SAMS Publishing. Книгата се рекламира како "Everything you need to master the Internet" со слогони "иљадници трикови и техники за наоѓање на информација која ви треба и кога ви треба" и "користете ја предноста на мрежата која се нуди за бизнис, едукација, библиотеки и влади". Зад помпезниот наслов и звучните слогани навистина се нудат сите информации што се потребни за Интернет напишани на многу популарен начин од четириесет и пет познати и признати експерти кои пишуваат само за искуствата во областа за која се специјализирале.

Книгата е поделена во единаесет логички целини. Во првото поглавје, накратко е разгледана експанзијата на Интернет заедно со нејзината историја, сегашна состојба и развојот во иднина. Опишани се основните начела на работата на мрежите, начинот на комуницирање од мрежа до мрежа и формирањето на IP адресите.

Прикажани се сите можни начини на пристапување до Интернет, тргнувајќи од обичен корисник приклучен на некој BBS до приклучување на LAN на Интернет. Поглавјето што ги разгледува комуникациите, ја опфаќа електронската пошта, програмите за работа со електронска пошта, дискусионите листи, креирање и одржување на mailing листи, работа со news и IRC (International Relay Chat).

За обичниот корисник, најинтересно е поглавјето за наоѓање инфорамции обработени од аспект на краен корисник. Покажано е како да се најде корисник на Интернет, што е потребно за FTP, далечинско логирање на друг компјутер со rlogin и telnet. Системите за пребарување инфорамции ги вклучуваат: Archie, WAIS, Gopher, Veronica и WWW.

Користењето на Интернет е разгледано како користење на школски, академски и виртуелни библиотеки, користење на Интернет во образованието и употребата на Интернет во владите и разните невладини организации.

Во книгата се разгледани и секојдневните проблеми на Интернет, како на пример: кракирање и вируси, електронска приватност, copyright на мрежите и слобода на електронскиот разговор.

Комплетноста на Internet UNLEASHED се заокружува со додатоци за јавни dial up пристапи до Интернет (од Америка), алатки што треба да ги има секој корисник на Интернет, основите на работењето со UNIX, Internet domains, и многу други.

Со книгата доаѓа и демо дискета на Windows базираниот софтверски пакет Chameleon Sampler со која може да се пробаат (барем) базичните можности на Интернет во текстуален и графички режинм.

Ова е книга со цена од 45й и е наменета за широка публика (во Америка). Во неа може да се најдат информации за почетници или може да се користи и како (дебел) потсетник во секојдневната работа на Интернет.

*Грозда Бузалкова, goga@informa.mk*




**Наслов:** Word 6.0 за Windows

**Автор:** Ron Mansfield

**Издавач:** Mikro knjiga

Според авторот книгата Word 6.0 za Windows е наменета за почетници, познавачи на Word 6.0 како и искусни корисници кои што би извлекле максимум од оваа верзија на текст процесор. Првото издание на Word 6.0 za Windows е публикувано во два облика. Како една целина и како прва и втора книга. Двете верзии се идентични со тоа што до вториот облик е дојдено поради препечатувањето на книгата и потребата за нејзина попрактична и едноставна примена. Книгата содржи околу 800 страници исполнети со текст и слики кои се поделени во пет дела и шест додатоци. На внатрешните корици на книгата стојат сликички со палетите на алатки, а издавачот ја следи новината од Word 6.0 и дава кратко објаснување за секоја икона од палетата. Низ цела книга се среќаваат напомени, совети, новини и предупредувања кои се посебно означени со икони при што лесно се приметуваат. На искусните корисници им се препорачува да го прелистаат секое поглавје барајќи ја иконата **6.0 Ново!** со која што се прави паралела со претходната верзија на овој текст процесор. На почеток на секое поглавие се наоѓа кратко упатсво во кое што е даден преглед на сите поважни чекори, типки, команди од менито така што книгата може да послужи како прирачник за употреба на Word. Издавачот се потрудил многу скоро по објавувањето на оригиналната верзија на англиски јазик на еден лесен и разбирлив начин да објави превод на истата.

Доатоците се лесно употребливи за секојдневна работа и содржат битни информации и тоа: додаток А - за самото инсталирање на Word 6.0, додаток B - Word за корисници на WordPerfect, додаток C - Word-ови команди и нивни кратенки, додаток D - множества на знакови и кодови, додаток E - кодови на полиња и нивните опции, додаток F - категории на Word Basic наредби. По додатоците следува и GLOSAR

*Билјана Аспровска*